Universal

UNIVERSAL CORPORATION



# Водење со интегритет
# Кодекс на однесување

# Програма за согласност на Universal Global

Програмата за согласност на Universal Global потврдува дека водиме со интегритет, во согласност со нашите политики за усогласување. Universal направи страница за согласност на својата јавно достапна веб-локација и ја одржува на 16 јазици. Посетете ја страницата за согласност за повеќе информации:

www.universalcorp.com/compliance

# Директна линија за усогласување на Universal

Директната линија за усогласување на Universal е достапна од каде било во светот. Целосната листа на телефони за усогласување е претставена на задната страна од овој Кодекс, а е достапна и на веб-локацијата за согласност на Universal.

На Интернет: www.ethicspoint.com или www.universalcorp.com/compliance

Директната линија за усогласување на Universal е достапна 24 часа на ден, 7 дена во неделата. На ниту едно лице, коешто ќе се јави на директната линија нема да му биде побарано да го остави неговото име или други информации за идентификација, и нема да бидат употребени никакви апарати за идентификација или снимање.

# Комитет за усогласување на Universal

Harvard B. Smith
*Главен директор за усогласување*

Scott J. Bleicher
Catherine H. Claiborne
Benjamin S. Dessart
Airton L. Hentschke
Johan C. Kroner
Wushuang Ma
Shauna Mullan-Smith
Patrick J. O'Keefe
McKeen Starke
James S. Stubbs
Preston D. Wigner

Можете да контактирате со кој било член од Комитет за усогласување ако се јавите на +1 804 359 9311 (Ричмонд, Вирџинија, САД) или преку е-пошта до Главниот директор за усогласување на compliance@universalleaf.com. Имајте предвид дека е-пораките до compliance@universalleaf.com не се анонимни.

# Прирачник за антикорупциска согласност

Universal не подмитува. Секогаш се водиме во согласност со сите закони и со политиките на Universal што се однесуваат на корупцијата. Нашиот прирачник за антикорупциска согласност ги содржи антикорупциските политики на Universal и може да се најде на нашата веб-страница за согласност на: www.universalcorp.com/compliance.

Universal
UNIVERSAL CORPORATE COMPLIANCE



# Порака до вработените, службениците и директорите во семејството на Universal Corporation

Почитувано семејство на Universal:

Во Universal, горди сме на преку 100-годишната историја на успех и водство во нашата индустрија. Израснавме во разновидна, глобална компанија за земјоделски производи со нови можности и нови стратегии. Сега со возбуда очекуваме што можеме да постигнеме во следните 100 години.

Нашата историја и нашата иднина се изградени врз нашата **посветеност на интегритетот**. Овој Кодекс на однесување поставува високи етички стандарди кои ја отелотворуваат нашата посветеност на **интегритетот**. Како една од нашите основни вредности, **интегритетот** го поттикнува начинот на кој работиме, како го водиме нашиот бизнис и како се справуваме со нашите средства и податоци. Тоа е одраз на тоа што значи да се биде дел од Universal.

Имаме должност спрема нашите заедници, акционери, клиенти и едни на други, да го разбереме нашиот Кодекс на однесување. Тоа помага да се осигуриме дека донесуваме етички одлуки кога е јасно што треба да се прави и дека поставуваме прашања кога не сме сигурни. Исто така, нè потсетува да зборуваме ако сме сведоци на активност што е спротивна на нашите стандарди.

Ви благодариме што го поддржувате Universal и што го поддржувате **интегритетот**. Тоа е вистинскиот начин да се води бизнис и вистинското нешто да се направи.

Со почит,



Preston D. Wigner
Претседавач, претседател и главен извршен директор



# Содржина



## 1 Општи информации


- Порака ............................................................Стр. 01
- На кого се однесува овој Кодекс ................Стр. 04
- Непочитување на овој Кодекс....................Стр. 04
- Политика без одмазда ................................Стр. 04
- Како се постапува ........................................Стр. 04
- Соработка ......................................................Стр. 05
- Комитет за усогласување ............................Стр. 05
- Важни размислувања..................................Стр. 06




## 2 Работење со интегритет


- Слобода од дискриминација и вознемирување ...............................................Стр. 09
- Здравје, безбедност и животна средина ...Стр. 09
- Социјална одговорност ...............................Стр. 10




## 3 Водење бизнис со интегритет


- Натпреварување со други & Фер однесување......................................................Стр. 12
- Без поткуп......................................................Стр. 12
- Подароци и забава.........................................Стр. 13
- Трговски ограничувања и бојкоти ............Стр. 14




## 4 Управување со информациите и добрата со интегритет


- Без внатрешно тргување..............................Стр. 17
- Без конфликт на интереси ..........................Стр. 17
- Заштита на информациите и добрата .....Стр. 18
- Известување; Регистри и записи; Сметководствени контроли........................Стр. 19




## 5 Прилог


- Список на бесплатни телефони ................Стр. 21



*На ниту едно лице, коешто ќе се јави на директната линија нема да му биде побарано да го остави неговото име или други информации за идентификација, и нема да бидат употребени никакви апарати за идентификација или снимање.*

## На Кого Се Однесува Овој Кодекс

Бордот на директори на Universal Corporation го усвои овој Кодекс на однесување за да промовира етичко однесување, да поттикнува согласност со етичките стандарди, да го олеснува известувањето за неетичкото и нелегалното однесување, како и да се справи со прекршувањата на одредени етички стандарди, со политиките на Universal и со применливите закони. Иако е точно дека секој треба да се придржува до законот, овој Кодекс оди понапред и ни поставува повисоки стандарди за следење. Овој Кодекс се однесува директно на сите вработени, службеници и директори во семејството на компании на Universal. Освен нив, деловните соработници, продажните агенти и одредени трети страни, коишто ги претставуваат овие компании пред другите, се договорно врзани да го следат овој Кодекс. Секој вработен, службеник и директор е одговорен за придржување кон овој Кодекс и другите политики на Universal, како и важечките локални, државни и федеративни закони и прописи. Кога во овој Кодекс се користи терминот „Universal", тоа се однесува на Universal Corporation и неговото семејство на компании.

## Непочитување На Овој Кодекс

Има разумни правила на однесување што мораат да се следат во секој бизнис за да ѝ помогнат на група луѓе да за ефикасно и заедничко работење во согласност со законот и етичката бизнис-пракса. Universal очекува секој вработен да се однесува на законски и етички начин. Секое прекршување на овој Кодекс ќе резултира со соодветна дисциплинска акција. Во зависност од строгоста или зачестеноста на дисциплинските проблеми, може да биде неопходен устен или писмен укор, суспензија, дисциплинско испитување, финансиска казна, и/или укинување на работниот однос во Universal. Покрај тоа, доколку вработените не го почитуваат овој Кодекс или другите политики и процедури на Universal, тоа може да се земе предвид во одлуките што се однесуваат на промоција и компензација, вклучувајќи поттик или претстава базирана на компензација. Universal има дискреционо право да избере соодветно дисциплинско и/или поправно дејство.

## Политика Без Одмазда

Секој вработен, службеник или директор има обврска да известува за можни прекршувања на овој Кодекс со цел да може да се разгледа однесувањето и Universal да може да ја реши ситуацијата и да преземе соодветни активности.

Никој во семејството на Universal нема да преземе спротивставувачки активности против кого било за обезбедување вистинита информација што се однесува на прекршување на законот или политиката на Universal. Universal нема да толерира **<u>никакви</u>** одмазди против лицата што поставуваат прашања или прават добронамерни извештаи за можни прекршувања на Кодексот. **<u>Секој</u>** што се одмаздува или се обидува да изврши одмазда, ќе биде дисциплиниран. Секое лице што верува дека врз него/неа се вршат одмазди, треба веднаш да постапи според упатствата во делот „Како да се постапи" од овој Кодекс.

## Како Да Се Постапи

Сите вработени, службеници и директори мораат да го прочитаат и разберат овој Кодекс и да известат за секоја активност или појава за којашто тие веруваат или се сомневаат дека го крши овој Кодекс. Сите вработени, службеници и директори мораат, исто така, да ги признаат и почитуваат политиките, правилата и инструкциите содржани во него.

Ако имате прашања за примената на овој Кодекс, вие сте одговорни за



барање на одговорите. Universal е сериозен за очекувањата поставени во овој Кодекс. Недостатокот на разбирање на овој Кодекс нема да биде оправдување за негово прекршување.

Делот „Предложени чекори“ на страницата 5 нуди начини за тоа како да поставите прашања или да известите за загриженост што се однесува до овој Кодекс. Употребете го пристапот што најмногу ви одговара во дадените околности. Ако контактирате со некого од списокот и мислите дека неговиот одговор не е јасен или целосен, контактирајте со некој друг од списокот. Извештаите според оваа политика можат да бидат поднесени анонимно ако вработениот или известувачот избере така.

На крајот, можете да контактирате и со Управата на директори на Universal Corporation (вклучувајќи го и Водечкиот независен директор) со следење на упатствата на веб-локацијата на Universal на www.universalcorp.com.

Овој Кодекс можеби нема да одговори на сите ваши прашања. Освен тоа, можете да се сретнете со ситуација што не е предвидена во овој Кодекс. Во тие ситуации, силно ве поттикнуваме да побарате помош со користење на изворите наброени погоре.

## Соработка

Политиката на Universal е да соработува целосно и комплетно службите за спроведување на законите и со владините служби. Но, има моменти кога е најдобро нашиот правен совет да ја координира нашата соработка. Ако личност, којашто тврди дека е претставник на владина служба или служба за спроведување на законите, контактира со Вас дома или на работа во врска со која било компанија од семејството на Universal и таа личност не може да Ви покаже ништо што ѝ го дава тоа право, (а) информирајте ја таа личност дека Вие и компанијата сакате да соработувате во владината истрага, (б) прашајте ја личноста за деловна визит-карта или информација за контакт, (в) објаснете дека ќе му пренесете на правниот совет на компанијата веднаш

## Предложени чекори

- Разговарајте со Вашиот надреден или со друг надреден;
- Разговарајте со член на Регионалниот тим за усогласување или со претседавачот на Universal за усогласување или со член на Корпоративната комисијата за усогласеност со повик на бројот +1 804 359 9311 (Ричмонд, Вирџинија САД) или со испраќање на е-пошта на Главниот директор за усогласување на compliance@universalleaf.com;
- Разговарајте со некого од правното одделение јавувајќи се на +1 804 359 9311 (Ричмонд, Вирџинија, САД);
- Разговарајте со некого во Одделението за човечки ресурси со повик на +1 804 359 9311 (Ричмонд, Вирџинија САД) и/или
- јавете се на директната линија за усогласување на Universal во кое било време, 24 часа на ден, 7 дена во неделата.
    - ◊ **Преку Интернет:** www.ethicspoint.com *или* www.universalcorp.com/compliance
    - ◊ **Преку телефон:** Следете ги упатствата на внатрешната корица или на глобалниот телефонски список на страницата за согласност на Universal.

да контактира со релевантната владина служба за да разговараат за случајот, и (г) љубезно извинете се. Владините претставници можат да добијат пристап до примероци од документи преку „полноќни упади", доколку можат да приложат докази дека се правилно овластени (на пример, доколку приложат налог за претрес или судски налог). Во тие случаи, морате да им обезбедите копии од документите за коишто се овластени да ги земат, меѓутоа не треба да имате суштински дискусии со нив. Доколку со Вас контактира лице што се претставува како припадник на владина служба или на служба за спроведување на законите, веднаш контактирајте со лице од правното одделение на Universal. Покрај тоа, треба да контактирате и со правниот совет на Вашата компанија.

## Комитет За Усогласување

Бордот на директори на Universal Corporation основа Комитет за усогласување составен од вишата управа во Ричмонд, Вирџинија, САД со којшто претседаваше Претседавачот за усогласување. Комитетот за усогласување им помага на бордот на директори и на прекуокеанската управа на Universal за Политиките за усогласување на Universal, програмите и процедурите. Комитетот за усогласување ги разгледува и проценува програмите за согласност на Universal, прекуокеанската управа и неговата програма за согласност, земајќи ги предвид важни ризици и контроли за усогласување, и ги презема сите други дејства наложени од бордот на директори. Universal, исто така, има воспоставено Регионални тимови за усогласување со цел да го поддржуваат Комитетот за усогласување и да помагаат во важните регионални прашања или во врска со деловниот персонал во насочувањето кон одредени прашања за усогласување. Можете да се повикате на кое било прашање што се однесува на Комитетот за усогласување или на темите за усогласување до кој било член на Регионалниот тим за усогласување или на Комитетот за усогласување, или можете да контактирате со Главниот директор за усогласување повикувајќи се на делот „Како да се постапи" во овој Кодекс. Членовите на Комитетот за усогласување или на Регионалните тимови за усогласување се наброени во внатрешната корица на овој Кодекс.

## Важни Размислувања

**Овој Кодекс не е ексклузивен:** Овој Кодекс не ги содржи сите политики на Universal, ниту пак ги покрива сите детали на политиките или на специфичните процедури што се однесуваат на опишаните теми. Вашата компанија може, исто така, да има правила и процедури покрај оние од Universal. Universal или Вашата компанија најверојатно ќе создадат нови политики или процедури со текот на времето. Се очекува сите вработени, службеници и директори да ги разберат политиките и процедурите што им се дистрибуирани и да се усогласат со кои било нови или променети политики или процедури кога истите ќе им се соопштат.

**Конфликти со локалните закони: Сите вработени, службеници и директори мораат да го почитуваат законот**. Ако повинувањето со овој Кодекс ги крши законите на Вашата земја, морате да ги почитувате Вашите локални закони и да го известите Правното одделение на Universal за конфликтот. Ако локалните обичаи или политики се во конфликт со овој Кодекс, Universal очекува овој Кодекс да биде почитуван, дури и ако цената е загуба на бизнисот за Universal.

**Без договор за вработување:** Ништо во овој Кодекс не претставува договор за вработување на кого било, ниту пак ќе промени кои било постоечки услови на вработување со некого.

**Трети страни:** Според овој Кодекс и многу важечки закони, ако Вие или Вашата компанија најмите трета страна да дејствува во Ваше име, тие дејности Ви се препишуваат како сами да сте ја извршиле дејноста. Ниту Вие, ниту Вашата компанија можете да најмите трета страна за работи што се забранети со закон или со овој Кодекс. Universal има дистрибуирано дополнителни политики и процедури во однос на почитување на вработувањето и надзор на активностите на третите страни во ***Прирачникот за антикорупциска согласност*** на Universal и во ***Стандардните оперативни процедури*** издадени од Вашата компанија или од Universal. Овие политики и процедури мора да се почитуваат. Ако се двоумите во врска со Вашата одговорност за третата страна, контактирајте со член од Комитетот за усогласување од Вашиот Регионален тим за усогласување или од правното одделение.

**Очекувања:** Во одредени ограничени околности, Комитетот

за усогласување може да разгледа барања за исклучоци во примената на овој Кодекс. Во овие примери, Комитетот за усогласување може да бара дополнителни контроли со цел да обезбеди одобрен исклучок што нема да води до кршење на законот. Исклучоците ќе бидат одобрени од Комитетот за усогласување, или, кога е потребно, од Управата на директори на Universal Corporation или од Комитетот на Управата во согласност со сите важечки закони и регулативи. На пример, исклучоците за службениците и директорите на Universal Corporation можат да бидат одобрени само од бордот на директори или од Комитетот на бордот, и тие мораат да бидат јавно обелоденети.

**Промени:** Овој Кодекс е предмет на разгледување во секое време и може да биде ревидиран од време на време. Universal ќе Ве информира ако има какви било ревизии на овој Кодекс, кога тие ќе се појават. Најновата верзија на овој Кодекс секогаш ќе биде достапна на веб-локацијата на Universal на www.universalcorp.com/Compliance и е достапна, бесплатно, во печатена верзија ако контактирате со Главниот директор за усогласување, од кој било член од Комитетот за усогласување, од член на Регионалниот тим за усогласување или од Вашиот локален менаџмент.





# Работење Со Интегритет

Без дискриминација и вознемирување
Здравје, сигурност и животна средина
Социјална одговорност

*Во Universal, ние сме посветени на нашите вработени и на заедниците во коишто работиме. Внатре во нашите канцеларии и простории, на нашите луѓе им обезбедуваме сигурни работни околини достојни за почит, без дискриминација и вознемирување. Надвор од нашите локации, се грижиме за заедниците што нѐ подржуваат и се стремиме да бидеме добри водачи и социјално одговорни. Сигурноста и заштитата на животната средина се поважни отколку оперативната ефикасност и експедитивноста. Нашата посветеност на нашите луѓе и на нашите заедници нѐ прави посилна компанија и служи како 'рбет во работењето со интегритет.*



# Работење со интегритет

*Нашата посветеност на нашите луѓе и нашите заедници нè прави посилна компанија*

## Без дискриминација и вознемирување

Universal е посветена на работно место без дискриминација и вознемирување. Ние не дискриминираме или не дозволуваме дискриминација заснована врз лични одлики како што се раса, боја, пол, религија, национално потекло, возраст, инвалидитет или статус на ветерани. Сите активности во врска со вработените, вклучувајќи вработување, придобивки, трансфери, компензации и отпуштања мора да бидат извршени без таква дискриминација. Вработените, службениците и директорите треба да очекуваат дека тие ќе бидат оценувани врз основа на нивните вештини, способности и постигнувања, а не врз основа на личните карактеристики.

Понатаму, сите вработени, службеници и директори на Universal имаат право да бидат третирани со достоинство и почит. Политиката на Универзал е да им обезбеди на вработените работно место каде што нема малтретирање, закани или принуди поврзани со секс, раса, боја, религија, пол, национално потекло, возраст, инвалидитет или статус на ветерани. Не толерираме такво однесување, бидејќи не е доследно на нашата филозофија за меѓусебна почит за сите наши луѓе.

Бараме нашите вработени, службеници и директори да ја разберат и применат нашата нетолеранција за вознемирување и дискриминација.

### Q&A Што е вознемирување

**П** Соработник во канцеларијата до мојата често гледа несоодветни веб-локации во текот на денот и јас понекогаш го гледам кога ќе влезам во неговата канцеларија за да зборувам со него за работата. Не се чувствувам пријатно, но дали тоа е вознемирување?

**О** Да, гледање несоодветни материјали во канцеларија може да биде вознемирување и јасно е навредливо за колегите и е против нашата политика за користење на компјутерите. Вознемирувањето може да има многу форми. Еве неколку примери од она што Universal смета дека е вознемирување:

- Давање недобредојдени коментари околу облеката, изгледот или приватниот живот
- Нападен или навредлив физички контакт
- Користење навредливи имиња или умилкувања
- Навредливи шеги или несакани алудирања
- Какви било предлози дека сексуалните активности, раса, боја, религија, пол, национално потекло, старост, инвалидитет или ветерански статус ќе влијаат на работата, промоцијата, унапредувањето, евалуацијата или работните услови;
- Покажување навредливи предмети или слики
- Несоодветна употреба на Интернетот, вклучувајќи навредливи е-пораки, шеги или дискусии преку електронските пошти
- Однесување кое создава заплашувачко или непријателско опкружување

Ако имате прашања дали нечии активности можат да се сметаат како вознемирување, контактирајте со член на правното одделение на Universal заради совет.

## Здравје, сигурност и животна средина

*Личното здравје и сигурност на секој член од семејството на Uni-*

versal е од првенствено значење за Universal. Политиката на Universal е дека секој вработен, службеник и директор има одговорност за создавање и одржување на безбедна и здрава работна околина. Сите членки на семејството Universal мораат целосно да ги исполнуваат важечките федерални, државни и локални здравствени и безбедносни закони и прописи. Секој вработен, службеник и директор се очекува да ги извршува своите обврски во согласност со политиката на Universal, меѓу другото, следејќи ги безбедносните и здравствените правила и пракси и известувајќи за несреќи, повреди и несигурна опрема, практики или услови. Безбедносните стандарди никогаш не смеат да бидат занемарени или избегнати. Тоа бара засилена совесност во нашите производни капацитети. Освен тоа, сигурна и здрава работна животна средина значи работно место слободно од насилство. Нема да се толерираат закани за насилство или заплашувања.

Еколошката согласност е основа да се биде и остане одговорен граѓанин на претпријатието. Во светот се донесени бројни закони и регулативи во однос на околината што се однесуваат на заштитата на животна средината со елиминирање, намалување или ограничување на испуштањето загадувачи во воздухот, водата и почвата. Политиката на Universal предвидува почитување на сите еколошки закони. Овие закони и регулативи се сложени и бараат, меѓу другото, лиценци, дозволи, извештаи и правила за архивирање. Во семејството на Universal има професионалци за заштита на животната средина и тие треба да се консултираат во случај кога некој вработен има прашање или загриженост околу согласност со истата. Сите вработени, службеници или директори мораат да користат здрав разум во врска со аспектот за заштита на животната средина при користењето на објекти и имоти, опрема, процеси и производи. Секој вработен, службеник и директор треба да води сметка дека неговите активности, како и тие на неговите колеги, се сообразни со животната средина и во согласност со оваа политика.

## Социјална одговорност

Universal е цврсто посветена на политиката за социјална одговорност во сите области во коишто дејствуваме. Се стремиме да покажеме добро однесување на припадниците на нашето претпријатие овозможувајќи ефикасни и деловно поврзани програми за здравје, сигурност и животна средина во нашите дејности. Го поддржуваме зачувувањето и обновувањето на природните ресурси. Ги советуваме производувачите на тутун ширум светот за добрите агрономски практики, коишто можат да вклучуваат препораки за зачувување на земјата, садење дрва, селекција на видови тутун, примена на ѓубриво и употреба на пестициди, со намера да ја подобриме ефикасноста на тутунарите и да ги зачуваме природните ресурси. Инвестираме и се стремиме да создадеме работни места во оние области на светот каде што дејствуваме. Продолжуваме со нашите напори да вработуваме различна работна сила на сите нивоа во нашата организација. Не злоупотребуваме детски труд што претставува прекршок на локалните закони или спротивно на почитувани и прифатени работни практики и ги охрабруваме тутунарите во земјите во коишто дејствуваме да го направат истото. Апсолутно сме посветени на строгата усогласеност на целиот наш персонал со важечките закони и строгата одговорност на таквите личности за усогласеност со овој Кодекс.

## Q&A Здравје и сигурност

**П** Јас сум во сметководство, а мојата канцеларија е лоцирана до еден од нашите производствени објекти. Додека одам до мојот автомобил, забележувам дека на едно од парчињата опрема недостасува светло портокалова сигурносна заштита, но опремата дејствуваше со цела брзина. Дали треба да кажам некому за ова?

**О** Да, Вие сте одговорни да го пренесете овој проблем. Сите ние сме одговорни за одржување на сигурна работна животна средина и да известуваме за несигурните услови кога ги гледаме. Во овој случај, треба да го известите надзорникот на објектот за овој проблем со цел да го отстрани.



# Водење Бизнис Со Интегритет

- Конкурентност со други и фер однесување
- Без поткуп
- Подароци и забава
- Трговски ограничувања и бојкоти

*Во Universal, гордо стоиме зад квалитетот на производите и услугите што ги обезбедуваме за нашите клиенти. Со овие производи и услуги доаѓа нашата гаранција дека го водиме нашиот бизнис фер и искрено. Мораме да дејствуваме со интегритет кога работиме со нашите клиенти, нашата конкуренција и со кои било други трети страни, вклучувајќи ги и регулаторите и другите владини претставници на земјите во коишто дејствуваме. Не работиме со нефер конкуренција, корупција или други незаконски или неетички акти. Успехот во бизнисот бара да ги водиме нашите дејности со интегритет.*



# Водење бизнис со интегритет

*Успехот во бизнисот бара да ги водиме нашите дејности со интегритет*

## Конкурентност со други и фер однесување

Во речиси секое место каде што работиме, постојат локални закони за конкуренција во кои е пропишано што е дозволено, а што не е, во врска со конкуренцијата. Овие закони се често збунувачки и понекогаш се во конфликт со законите на други места каде што работиме.

Бидејќи законите за конкурентност ширум светот можат да бидат тешки за разбирање, политиката на Universal во оваа област е едноставна: ние се натпреваруваме фер и искрено во секое време. Ова значи дека ги почитуваме сите важечки закони за конкурентност и во многу случаи правиме повеќе од она што го бараат законите.

Гордо стоиме зад нашите производи и услуги и им ги нудиме на нашите клиенти знаејќи дека сме биле фер и искрени конкуренти.

Фер и чесна конкурентност значи дека секогаш се натпреваруваме енергично и независно и на секаков легален начин. Избегнуваме договори и аранжмани со нашата конкуренција што не биле разјаснети од правното одделение на Universal. Во ниеден случај немаме договор или разбирање со конкуренцијата во однос на цените, клиентите, пазарите, условите на продажба, провизијата на услуги

### Q&A Конкурентност

**П** Мојата пријателка работи за еден од нашите конкуренти. Таа ми се јави да ме праша за еден иден тендер за тутун за клиент, којшто двете го снабдуваме. Таа предложи да подискутираме во врска со нашите тендерски понуди за да избегнеме конфликт околу пазарниот удел кај тој клиент. Дали е во ред да зборувам со неа за ова?

**О** Никогаш не е во ред да се дискутира за предложени цени со конкурент. Цените треба да бидат поставени независно – без знаење на чии било цени. Во оваа ситуација, не треба да контактираш понатаму со вработениот на конкурентот. Наместо тоа, треба веднаш да контактираш со правното одделение на Universal.

или која било друга област што е чувствителна или значајна за конкуренцијата.

Освен тоа, фер и искрена конкуренција значи дека избегнуваме исклучување на конкурентите, елиминирање на одреден конкурент или контролирање на пазарните цени. Нема да се вклучиме во таква активност и нема никому друг да му помогнеме да се вклучи во таква активност.

Во Universal, со секого со којшто работиме, се однесуваме искрено и фер и на начин што ја почитува неговата или нејзината независност. Ова не се однесува само на нашите клиенти, се однесува на секого со кого што работиме. Секој вработен, службеник или директор мора да се обиде да работи искрено и фер со клиентите, снабдувачите, конкурентите и другите трети страни со коишто работи Universal. На секој вработен, службеник и директор му е забрането да се стекнува со нелојална предност преку манипулација, прикривање, злоупотреба на привилегирана информација, невистини поврзани со материјални факти или кои било други нелојални односи. Наместо тоа, секогаш мораме да ги следиме принципите на чесност и отвореност при вршењето на нашите работи.

## Без подмитување

Во Universal, имаме едноставно правило: **Не подмитуваме**.

Universal смета дека „подмитување" е сè што има вредност и е понудено, ветено или дадено за да влијае на одлуката за работење со Universal. Тоа вклучува стекнување нова зделка, задржување на постоечки дејности

или добивање некоја некоректна предност. Во Universal, не дозволуваме подмитување на кој било. **На вработените, службениците и директорите на Universal и третите страни, коишто дејствуваат во наше име, им е строго забрането да даваат некому нешто што може да се смета за поткуп.**

Таквите активности, не само што се против политиките на Universal, туку можат да предизвикаат поединци и компании во семејството на Universal да подлежат на одговорност според Законот за надворешни коруптивни практики на САД и слични закони на други земји. Прекршоците на ваквите закони против подмитување можат да доведат до затвор, значајни глоби и други казни. Секоја земја, во којашто сме лоцирани или во којашто нашите клиенти се лоцирани, има закони против подмитување. Локалните деловни практики кои го игнорираат подмитувањето, или дури го охрабруваат, се ирелевантни. Целиот персонал мора да ги следи политиките и процедурите поставени во овој Кодекс и во ***Прирачникот за антикорупциска согласност*** на Universal (кој е достапен на веб-локацијата на Universal: www. universalcorp.com/Compliance).

Подмитувањето има многу форми – не само готовински исплати. Оваа политика забранува нудење, ветување или давање што било со вредност (подароци, забава, патни трошоци, прекумерно фаворизирање на деловни аранжмани, итн.) како поткуп за кого било.

Ако Вие или Вашата компанија останете како трета странка да соработувате со влада или владино контролиран субјект во Ваше име, мора да им обезбедите копија од овој Кодекс и дајте им до знаење дека тие треба да се согласат со овој Кодекс во врска со нивната изведба на услуги за Вас или Вашата компанија. Вие сте одговорни според овој Кодекс и според одредени важечки закони доколку трета страна нуди или плати поткуп, во некои случаи дури и ако Вие не сте знаеле за истиот и не сте го одобриле тој поткуп. За да се реши овој важен правен ризик, политиките на Universal и ***Прирачникот за антикорупциска согласност*** на Universal бара длабинска анализа, договорна заштита и набљудувачки алатки за одредени трети страни.

Можеби имате прашања за тоа дали можете да ги подржувате Вашите локални политичари. Universal не ги одвраќа поединечните вработени, службеници или директори од учествување во политичкиот процес според нивно сопствено право, вклучувајќи го донирањето доброволни прилози за кандидатите или партиите што ги избрале. Но, компаниите на Universal надвор од САД не можат да донираат политички прилози и мора да се уверите дека Вашите политички прилози никогаш не се условени од ниеден договор или разбирање да се преземе или не некое посебно владино дејство во име на Universal. Истата оваа претпазливост мора да се земе предвид кога се размислува за прилози за добротворни организации, заедници или социјални проекти, кога некој поврзан со таа активност е, исто така, поврзан со Владата. Поради поврзаните ризици, таквите прилози мораат да бидат одобрени во согласност со процесите поставени во ***Прирачникот на антикорупциска согласност*** на Universal.

## Q&A Поткуп

**П** Работам со потенцијален нов продажен агент. Продажниот агент бара 15% провизија за помош при продажбата на производител на цигари во владина сопственост. Вообичаената стапка на провизија во овој дел од светот е 2 до 5%. Освен тоа, продажниот агент бара половина од провизијата да биде платена однапред. Дали ова е во ред?

**О** Треба да барате помош од правното одделение на Universal пред да се согласите со провизијата и морате да ги следите процедурите во ***Прирачникот за антикорупциска согласност***. Има доста проблеми во она што го бара агентот, а тие проблеми можат да значат дека агентот користи дел од провизијата за да плати поткуп со цел да го обезбеди бизнисот. Ако нема легална деловна причина за невообичаено високата провизија и авансно плаќање на провизии, оваа трансакција не е во ред.

## Подароци и забава

Во Universal, понекогаш разменуваме деловна учтивост како што се оброци, забава, подароци и други предмети со нашите клиенти, снабдувачи и други со коишто работиме со цел да изградиме посилни деловни односи преку негување добра волја.

Пригодната деловна учтивост не се смета за поткуп, бидејќи таа не е дадена со цел да се добие или задржи зделка или да се бара некоректна предност. Но, постојат моменти кога деловната учтивост не се смета за соодветна. Овој Кодекс и политиката „Подароци, патување и гостопримство" содржани во Прирачникот за антикорупциска согласност обезбедуваат насоки и процедури за да се увериме дека нашите деловни учтивости не се секогаш соодветни.

Никогаш не е соодветно да се даде или прими деловна учтивост, освен ако:

- е доследна на добрите деловни практики;
- е со цел за промовирање добра волја, наместо за создавање или одговор на одредени деловни одлуки;
- не е поткуп и не дава претстава за несоодветност;
- ако е разумна и соодветна вредност и е по мерка, како што е одредено од важечките локални закони и разумни локални практики;
- не е наменето да создаде обврска за примачот да преземе каква било активност, којашто нормално тој или таа не ги презема;
- јавната објава на учтивоста не би била засрамувачка за Universal; и
- не може да создаде конфликт помеѓу личните интереси на вработениот на Universal и најдобрите интереси на Universal.

Покрај тоа, има определени принципи што се применуваат без исклучок. Мора да ги разгледате овие принципи кога сакате да дадете или примите деловна учтивост. Никогаш не е дозволено да се:

- нудиш или прифатиш поткуп;
- нудиш или прифатиш готовина или готовински еквиваленти;
- Учествување во која било деловна активност што го крши законот; или
- бараш нешто директно или индиректно од организациите со кои работиш или бараш да работиш со Universal.

Исто така, важно е да се увиди дека односите со владини претставници или организации во државна сопственост создаваат дополнителни условувања и забрани за давање или добивање деловна учтивост. Кога работите со луѓе поврзани со владата, тоа што може да биде прифатливо во чисто комерцијална средина тука може воопшто да не е прифатливо, или дури да е противзаконско. Ниедна деловна учтивост не смее да биде понудена или дадена на владин претставник или на субјекти во државна сопственост или нивните вработени, доколку тие не се претходно одобрени со важечките политики и процедури преставени во ***Прирачникот за антикорупциска согласност***.

## Трговски ограничувања и бојкоти

Како светски лидер во оваа индустрија, мораме да ги почитуваме законите и прописите што ограничуваат или забрануваат бизнис со одредени земји, субјекти или поединци. Овие закони и прописи вклучуваат трговски ограничувања на САД, извоз на контроли, закони против бојкотирање, како и трговски ограничувања и извоз на контроли важечки во други земји каде што работи Universal или во Обединетите нации. Многу членки на семејството Universal се предмет на овие ограничувања поради нивната вклученост во трансакции поврзани со САД или со нивната поврзаност со Universal. На пример, користењето на банки во САД, пренесување документација низ САД заради обработка или добивање помош од граѓанин на САД лоциран каде било во светот може да се смета за доволна вмешаност за да се применат овие рестрикции.

Законите на САД забрануваат или ограничуваат определени односи со одредени групи или организации контролирани или на кој било друг начин поврзани со санкционирани земји или групи вмешани во санкционирани активности, вклучувајќи тероризам, криумчарење дрога, како и производство и дистрибуција на оружје. Следниов преглед:

**идентификува некои од ограничувањата со земји моментно санкционирани од Владата на САД: Целосни рестрикции Куба, Иран, Судан**

- Рестрикциите важат за компании во САД, нивните претставништва во странство, канцеларии и вработени; граѓани и постојани жители на САД, без разлика каде се лоцирани или од кого се вработени и личности физички присутни во САД.
- Рестрикциите против Куба, исто така, важат и за не-американски организации во сопственост на или контролирани од компанија во САД или од граѓани и постојани жители на САД.
- Нема директна или индиректна трговија/трансакции со земја, влада или народ.
- Нема помош со трговија/трансакции од никого за кого што важи рестрикцијата.
- Без системи или добра на САД (финансии, компјутерски сервери итн.) вмешани во трансакција.
- Ниеден поединец или компанија, каде и да е лоцирана, не смее да порача предмети од САД за испорака кон овие земји без специјална дозвола.

**Рестрикции поврзани со предмети од САД Предмети: Северна Кореја, Сирија**

- Повеќето предмети од САД не можат да се испорачаат; не смеат да се испорачаат предмети со потекло надвор од САД, но со повеќе од 10% содржина со потекло од САД.

**Делумни рестрикции: Мијанмар (Бурма)**

- Нема увоз на производи од Бурма во САД и ниту една личност од САД не може да извезе финансиски услуги или да инвестира во Бурма или во компании без потекло од Бурма, коишто профитираат од ресурси со потекло од Бурма.
- Нема помагање од лице од САД на забранети трансакции.

Овие закони се сложени и се менуваат често, па затоа е значајно да контактирате со правното одделение пред вклучување во каква било размена или друга трансакција со странски субјекти или страни во земјите наброени погоре.

Во прилог на почитувањето на законите што се однесуваат на трговските ограничувања, семејството на Universal мора да ги почитува и законите против бојкот важечки за нас.

Според законот во САД, на Universal Corporation е забрането да презема одредени активности што се сметаат за поддршка на странски бојкоти, коишто САД не ги почитува, вклучувајќи го арапскиот бојкот на Израел. Меѓу забранети активности спаѓа снабдување негативни или „забранети" потврди во врска со извозни трансакции, акредитиви или транспортни договори, давање одделни информации за деловни односи и здружувања во врска со прашалници или за други цели и одбивање да се работи со бојкотирана земја или фирма од црна листа. Овие забрани се однесуваат на членови од семејството на Universal кога нивните трансакции имаат каква било вмешаност на САД. Исто така, на Universal Corporation во САД можат да бидат наметнати даночни казни, доколку некој од семејството на Universal (без разлика дали има вмешаност од САД) се согласи да учествува или соработува во меѓународен бојкот. Детални упатства за усогласеност со овие закони за анти-бојкот се дадени од правното и даночното одделение, коишто веднаш треба да бидат контактирани во случај на какво било прашање во врска со оваа сложена тема.



*На вработените, службениците и директорите на Universal, како и на кои било трети страни што дејствуваат во наше име, им е строго забрането да даваат некому нешто што може да се смета за поткуп.*



# Управување Со Информациите И Добрата Со Интегритет

Без внатрешно тргување
Без конфликт на интереси
Заштита на информациите и добрата
Известување; Регистри и записи; Сметководствени контроли

*Многу луѓе се потпираат на нас да бидеме добри водачи на нашите информации и добра. Нашите акционери, вработени, клиенти и снабдувачи се само некои од луѓето што веруваат дека ги употребуваме предностите и информациите на Universal за добивка на Universal, а не за нас самите. Предностите и информациите на Universal треба да бидат употребувани за легитимни деловни цели – употребата на предностите и информациите за лична добивка, за конкурирање со Universal, или за која било друга неетичка цел, е строго забрането. Управувањето со информациите и добрата со интегритет ја стекнува вербата на оние што се потпираат на нас, а тоа за возврат нè прави посилна компанија.*



# Управување со информациите и добрата со интегритет

## Добрата и информациите на Universal треба да се користат за легитимни деловни цели

### Без внатрешно тргување

Многу често знаеме информации за нашиот бизнис што другите надвор од семејството на Universal не ги знаат. Нам ни се доверени тие деловни информации и не треба да ги искористиме нашите посебни знаења за наша лична корист или да дозволиме лична корист на други. Политиката на Universal забранува тргување со хартии од вредност на Universal од страна на било кој, вклучително и вработени, службеници и директори, кога се свесни за материјални информации кои не се достапни за јавноста. „Материјални информации“ се информации, без разлика дали се позитивни или негативни, за кои разумните луѓе би помислиле дека се важни при одлучувањето дали да купат, продадат или чуваат хартии од вредност на Universal или кои би можеле да имаат значително влијание врз пазарната цена на хартиите од вредност. Ова не само што значи дека не смеете да тргувате со хартии од вредност на Universal, туку и не смеете да давате информации на некој друг за да може да тргува со хартиите од вредност на Universal. Вклучувањето во ваков вид на активност не само што ја прекршува политиката на Universal, туку е незаконско и Universal решително ќе се справи со тоа. Треба да се обратите до некој во правниот оддел на Universal ако имате какви било прашања за тоа дали информациите се јавно достапни или дали се материјални.

Оваа политика се однесува и на информации за други јавни компании со кои имаме деловна соработка, како што се нашите клиенти или добавувачи. Забрането ви е да тргувате со хартии од вредност на трета страна доколку имате сознанија за материјални информации за таа трета страна кои не се достапни за јавноста. Во Universal, ги третираме чувствителните информации што ги добиваме од клиентите, добавувачите и другите деловни соработници исто толку внимателно како што ги третираме нашите сопствени информации.

За повеќе информации за внатрешно тргување, погледнете ги деловите **Внатрешно тргување со хартии од вредност на Universal и Дел 16 Политика за известување.**

### Без конфликт на интереси

Во Universal, ние мораме да го чуваме интегритетот на нашите деловни одлуки донесувајќи ги исклучиво врз основа на најдобрите интереси на Universal, а не врз своите лични интереси. „Конфликт на интереси“ се појавува кога личните интереси на

### Q&A Внатрешно тргување

**П** Еден од нашите клиенти со кого што работам е компанија што јавно тргува и чии акции се наоѓаат на Њујоршката берза. Сакам да купам нивни акции, бидејќи сметам дека тие имаат добра вредност според моменталната цена. Тесно соработувам со нив, бидејќи ги снабдувам со тутун за една од нивните клучни локации. Преку мојот контакт со купувачот, дознав дека нивниот борд на директори штотуку одобрил важни капитални трошоци со цел да ги прошират нивните дејности на клучна локација. Што да правам?

**О** Врз основа на информацијата, не смеете да купите нивни акции. Информацијата што ја имате може да се смета важна за инвеститорите, но јавноста сè уште не знае за тоа. Сè додека таа информација не ѝ биде пренесена на јавноста, не е соодветно да купувате нивни акции. Треба да го погледнете и делот од овој Кодекс насловен „Без конфликт на интереси“, пред да купите акции од кој било клиент заради потенцијалниот конфликт што може да произлезе.

еден поединец се мешаат, или се чини дека се мешаат, со интересите на Universal. Конфликти можат да настанат во многу различни ситуации, а понекогаш можат да се развијат случајно или неочекувано.

Конфликтна ситуација може да настане кога еден поединец презема активности или има интереси што можат да попречат тој/таа да ја извршува својата работа објективно и ефикасно. На пример, делот од овој Кодекс „Подароци и забава" изложува потенцијални конфликти во врска со давање и примање деловна учтивост. Исто така, конфликти на интереси се појавуваат кога поединец или член од неговото/нејзиното семејство ќе добие непригодни лични предности како резултат од неговата/нејзината позиција во Universal или од позицијата на член од неговото/нејзиното семејство, или кога тој или таа користи корпоративни или деловни прилики користејќи имот, информација или позиција во Universal, без да добие соодветно одобрение. исто така, конфликти можат да се појават кога поединец е вмешан/вмешана во лични деловни интереси што влијаат или се во конфликт со неговата/нејзината работа или интересите на Universal. Важно е конфликтите да се избегнат, па дури и да се избегне можноста за појавување на конфликт на интереси.

Universal очекува лојалност од своите вработени, службеници и директори и таа лојалност да биде без какви било конфликти на интереси. Од секој вработен, службеник и директор или член на неговото/нејзиното најблиско семејство се очекува да избегне каква било инвестиција или ангажирање кое може на некаков начин да влијае врз активностите на вработениот, службеникот и директорот во име на најдобрите интереси на Universal.

За повеќе информации за конфликтот на интереси, Ве молиме видете ја ***Изјавата на Universal за политиката што се однесува на Конфликтот на интереси.***

## Q&A Конфликт на интереси

**П** Сакам да купам акции на еден клиент на Universal. Клиентот ги има своите обврзници на Њујоршката берза. Како продавач, меѓу другото, јас му продавам тутун на овој клиент. Претпоставувајќи дека немам никакви важни информации за клиентот што не се достапни на јавноста, дали е во ред јас да купам нивни акции?

**О** Во овој случај, вие сте ги избегнале пречките наведени во делот од овој Кодекс насловен „Без внатрешно тргување". Но, сега можеби постои друга пречка. Потенцијалното купување акции може да создаде конфликт во зависност од фактите вмешани во Вашата ситуација, вклучувајќи ја количината акции што сакате да ја купите. Доколку, на пример, планирате да купите многу акции, може да се појави претстава за конфликт, бидејќи се зголемува можноста да дадете првенство на клиентот во којшто сте инвестирале на сметка на други клиенти што ги опслужувате. Дури и доколку продавате тутун со најдобри намери, може да се појави претстава дека Вашите лични финансиски интереси ги водат одлуките што ги донесувате на работното место. Пред да правите голема инвестиција во клиентски акции, треба да се консултирате со правното одделение на Universal за совет.

## Заштита на информациите и добрата

Сите вработени, службеници и директори мораат да ги штитат добрата на Universal и да обезбедат нивна ефикасна употреба. Кражбата, невниманието и залудното трошење директно влијаат врз профитабилноста и ја прекршуваат довербата што ни ја дале другите. Добрата на Universal мора секогаш да се користат за легитимни деловни цели.

Освен тоа, често работиме со информации што се доверливи или својствени на Universal. Некои од овие информации произлегуваат од активностите на Universal, вклучувајќи истражувачки проекти, оперативни подобрувања и општи деловни процеси и комуникации. Други типови информации можат да потекнат од нашите клиенти, снабдувачи или трети страни со коишто работиме. Често, овие информации се доверливи за нив и ни се дадени со цел да ги извршуваме нашите дејности. Некои клиенти ни даваат информации што се предмет на договори за доверливост. Политиката на Universal е дека сите такви информации ќе се дистрибуираат низ Universal строго „по потреба". На ниеден вработен, службеник или директор нема да му биде дозволено да открива такви информации на селективна основа, вклучувајќи откривање на колеги, пријатели, роднини или познаници, ниту пак да користи такви информации за негова лична или туѓа добивка. Под никакви околности вработените, службениците или директорите на Universal не смеат, на недозволен начин, да добијат или откријат трговски тајни или други

доверливи информации – без разлика дали се дадени од Universal или која било трета страна поврзана со нас. Наместо тоа, доверливите информации треба физички да се сигурни и заштитени од разоткривање. Овие политики се однесуваат, како за хартиени документи така и за електронски зачувани или пренесени информации.

Дејностите на Universal вклучуваат испорака на производи и услуги што се од примарна важност за нашите клиенти. Овие информации дадени од клиентите се суштествени за да може Universal да ги снабди со правилни производи или услуги. Под никакви околности вработените, службениците или директорите на Universal не смеат, на недозволен начин, да добијат, користат или откријат трговски тајни или доверливи информации на други лица. Нашите деловни соработници ни даваат доверливи информации бидејќи ни веруваат, а ние мораме постојано да ја штитиме довербата што сме ја стекнале.

Политиките на Universal во врска со доверливи информации се однесуваат и на поранешни вработени, службеници или директори. Не само што е важно луѓето што работат во Universal да ги следат овие политики, туку и откако ќе го напуштат семејството Universal се очекува да ги почитуваат обврските кон Universal и да одбегнат разоткривање или злоупотреба на доверливите информации со коишто се стекнале во Universal. Како и физичките добра на Universal, доверливите информации стекнати во Universal се драгоцени за Universal и мора да се третираат на тој начин.

Конечно, сите вработени, службеници или директори на Universal мораат да ги почитуваат сите применливи закони и политики на Universal во врска со чувањето и ослободувањето од записи и други информации. Некои закони и политики на Universal бараат компаниите да ги чуваат записите определен временски период. Важно е да ги чувате записите и информациите за бараниот период, и кога размислувате да се ослободите од таквите информации, проверете дали таквата постапка нема да ги прекрши применливите закони и политики. Доколку имате какво било прашање во врска со законите и политиките што се применуваат за записи и други информации, стапете во контакт со правното одделение на Universal.

## Известување; Регистри и записи; Сметководствени контроли

Universal Corporation бара информации од сите членови на семејството на Universal со цел да подготви акти и публикации за владини служби, акционери и за јавноста. Universal бара да се направи потполно, фер, точно, навремено и разбирливо разоткривање во врска со извештаи и документи поднесени до Комисијата за хартии од вредност и други регулаторни тела, и во други јавни обраќања направени од Universal. Исто така, Universal бара компаниите во семејството на Universal да водат и чуваат книги, записи и регистри, коишто точно, фер и во разумни детали ги одразуваат трансакциите и раководењето со добрата на Universal. Покрај тоа, Universal бара создавање и одржување на систем за интерна сметководствена контрола во семејството на Universal, којшто е во состојба да даде разумна увереност дека:

- Трансакциите се вршат според општи или специфични овластувања од управата;
- Трансакциите се зачувуваат како што е потребно за да дозволат подготовка на годишна сметка во согласност со општо прифатените сметководствени принципи или кои било други критериуми што се применуваат за такви финансиски извештаи, како и за да ја одржат одговорноста за добрата;
- Пристапот до добрата е дозволен исклучиво според општи или специфични овластувања од управата; и
- Заведените записи за добрата се споредуваат со постоечките добра во разумни интервали и се преземаат соодветни активности доколку се појават разлики.

Исто така, Universal јасно се придржува до следниве забрани:

- Нема да се прават лажни, вештачки или измислени записи во регистрите или записите на која било компанија или дејност во семејството на Universal од која било причина;
- Нема да се изврши или одобри плаќање во име на Universal со разбирање дека можеби ќе се искористи за нешто друго освен наменетата цел;
- Нема да се одржуваат или воспоставуваат непријавени или незаведени фондови или добра кај кој било член од семејството на Universal за која било цел;
- Нема да се преземат никакви активности, било директно или индиректно, што лажно влијаат врз нашата независна регистрирана јавна сметководствена фирма, ја присилуваат, манипулираат или погрешно ја наведуваат нашата независна регистрирана јавна сметководствена фирма со цел да се изманипулираат нашите финансиски извештаи.

Јавноста ја дава својата доверба на Universal и ги прифаќа како фер и точни информациите што им ги даваме. Овие политики ни помагаат да ја стекнеме и задржиме јавната доверба.



*Во Universal, се стремиме да го заштитиме нашето најважно деловно добро: интегритетот. Вие сте важен дел од нашите напори. Морате да го прочитате и разберете овој Кодекс на однесување. Кога имате прашања, треба да побарате помош. А кога гледате нешто погрешно, морате да кажете. Потребни сме сите ние за да ги оствариме нашите цели, и ние сметаме на вас.*

Universal
UNIVERSAL CORPORATE COMPLIANCE



# Прилог: Список на бесплатни телефони

Преку телефон завртете го бројот за бесплатна услуга во Вашата земја. Потоа, завртете (866) 292 5224. Нема потреба да вртите „1“ пред овој број.

Доколку во Вашата земја нема обезбедено бесплатна услуга, јавете се на директната линија за усогласеност во Соединетите американски држави директно на +1 866 292 5224.

*Посетете ја следната врска: https://www.universalcorp.com/compliance за да го преземете најновиот список.*

**по телефон**

Од надвор линија бирате директно за вашата локација:

| | |
|---|---|
| United States | 1-866-292-5224 |
| Бразил | 0800 000 2357 |
| Доминиканска Република | 1 829-956-2356 |
| Индонезија | 021 50918301 |
| Зимбабве | +1-503-748-0657 |
| Канада | 1-866-292-5224 |
| Малави | +1-503-748-0657 |
| Мексико | 8008800735 |
| Мозамбик | +1 7707431833 / |
| Мозамбик | +1-503-748-0657 |
| Народна Република Кина | 4006612656 |
| Филипини | 1800 1 322 0347 |

Če vaše države ni na seznamu, za dodatne mednarodne telefonske dostopovne kode obiščite spletno stran www.universalcorp.com/compliance.

**AT&T Direct Dial Access®**

1. Од надвор линија бирање на AT & T директна телефонска пристап® за вашиот Локација:

| | |
|---|---|
| Холандија | 0800-022-9111 |
| Русија | 363-2400 |
| Бугарија | 00-800-0010 |
| Еквадор | 1-800-225-528 |
| Гватемала | 999-9190 |
| Германија | 0-800-225-5288 |
| Грција | 00-800-1311 |
| Индија | 000-117 |
| Италија | 800-172-444 |
| Обединети Арапски Емирати | 8000-021 |
| Јужна Африка | 0-800-99-0123 |
| Северна Македонија | 0800-94288 |
| Парагвај (*Asuncion City only*) | 008-11-800 |
| Полска | 0-0-800-111-1111 |
| Сингапур (*StarHub*) | 800-001-0001 |
| Сингапур (*SingTel*) | 800-011-1111 |
| Турција | 0811-288-0001 |
| Унгарија | 06-800-011-11 |
| Швајцарија | 0-800-890011 |
| Шпанија | 900-99-0011 |

2. Во конзолата бирање 866-292-5224.
3. 3.Повикот ќе бидат одговорени на англиски јазик. За да продолжите вашиот повик на друг јазик:
   1. Ве молиме наведете вашиот јазик да побара преведувач.
   2. Тоа може да потрае 1-3 минути за да се договорат за преведувач.
   3. Во тоа време немојте да се откажам.

# Регионални тимови за усогласување

### Регионален тим за усогласеност на Африка

Anke Coetzee
Fabio Fedetto
Wayne Kluckow
Johan Knoester
Doug Meisel
Rory Micklem

### Регионален тим за усогласеност на Азија

Paul Beevor
Andrew Cuthbertson
Silvi Friestiani
Tonny Gharata
Marin Lluka
Rodney Miriyoga
Randy Nijkamp
Michee San Pascual
Bradley Peall
Martijn Schaap
Winston Uy
Padmaja Vanama
Olivia Wang
Ching Yi Tan

### Регионален тим за усогласеност во тутунската индустрија

Matthia Bialkowski
Jens Böhning
Sergio Carmo
Alex Dowler
Silviari Friestiana
Tonny Gharata
Matthias Glissmann
Julio Mantovani
Bobbi Myer
Mario Paredes
Raul Perez
Martijn Schaap
Phillip Schumacher
Juan Daniel Tinoco
Nicole Volmar
Richard Wood

### Регионален тим за усогласеност на Европа

Enrique del Campo
Giorgio Marchetti
Donatella Pontarollo

### Регионален тим за усогласеност на Сокотаб

Maria Angelova-Maillard
Richard Lopez
Nicolas Métais
Christian Rasmussen
Jonathan Wertheimer
Fiona Widmer

### Регионален тим за усогласеност на јужна Америка

Fernando Brandt
Cesar A. Bünecker
Aline Butzge
Aldemir Faqui
Leonardo Flesch
Adam Fraser
Miqueline Maske
Diego Ritta

### Регионален тим за усогласеност на северна Америка

Clay Frazier
Erika Jobe
Brian Pope
John Sabatini
Andrew Torry
Ricardo Yudi

*Universal е горда на својата посветеност за согласност и интегритет. Посетете ја страницата за усогласеност на нашата веб-локацијата од нашата корпорација за повеќе информации во врска со глобалната програма за усогласеност на Universal:*

*www.universalcorp.com/compliance*

Universal

UNIVERSAL CORPORATION



P.O. Box 25099
Richmond, Virginia 23260
USA

www.universalcorp.com